***Прилог бр. 2***

РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МАТЕМАТИКА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Машински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 2.12.2024, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) 1.01.00.01 – математика и 1.02.00.02 – информациски науки, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. **02-1704/2**, донесена на 26.12.2024, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Никола Тунески, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Емилија Целакоска, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Бојан Прангоски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини) 1.01.00.01 – математика и 1.02.00.02 – информациски науки во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Мирко Петрушевски.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот Мирко Петрушевски е роден на 7.10.1978 година во Скопје, каде и ги завршил основното и средното образование. Во текот на неговото школување учествувал на бројни домашни и меѓународни натпревари по математика, при што на државните натпревари има освоено пет први и една втора награда, а на Македонската математичка олимпијада е трикратен победник и еднаш освојувач на сребрен медал. Како дел од екипата на град Скопје на Меѓународниот турнир на градови, два пати има остварено индивидуален ранкинг – победник на турнирот. Бил седум пати член на Македонската математичка олимписка репрезентација, и тоа: во 1994 година на Меѓународната математичка олимпијада во Хонг Конг, во 1995 година на Балканската математичка олимпијада во Бугарија, во 1995 година на Меѓународната математичка олимпијада во Канада, во 1996 година на Балканската математичка олимпијада во Романија, каде што има освоено бронзен медал, во 1996 година на Меѓународната математичка олимпијада во Индија, каде што има освоено бронзен медал, во 1997 година на Балканската математичка олимпијада во Грција, каде што има освоено бронзен медал, и во 1997 година на Меѓународната математичка олимпијада во Аргентина, каде што има освоено бронзен медал. За постигнатите успеси на натпреварите по математика, Општинскиот совет на град Скопје во 1997 година му го доделил највисокото општинско признание „13 Ноември". Истата година бил избран и за првенец на генерацијата на природно-математичката гимназија „Никола Карев". Во учебната 1997/98 година се запишал на студии по теориска математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје, кои ги завршил со среден успех 9,76 на 2.10.2006 година. Воедно, бил избран за студент на генерацијата при Институтот за математика.

За време на додипломските студии активно бил вклучен во реализацијата на натпреварите по математика за средношколци. Во периодот од 1999 до 2002 година бил член на комисијата за предлагање, избор и координација на задачи за Македонската математичка олимпијада.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2007/2008 година се запишал на постдипломски студии, на насоката теориска математика, при Институтот за математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Предвидените испити на наставната програма ги положил со просечна оценка 10 и на 29.5.2012 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Унилатералниот шифт оператор и факторизација на функции во Харди-Хилбертовите простори*.

Докторска дисертација пријавил на 25.11.2014 година на Институтот за математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во рамките на Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, под менторство на д-р Ристе Шкрековски, професор на факултетот за математика и физика при Универзитетот во Љубљана. Докторската дисертација на тема *Боења и хомоморфизми на графови* успешно ја одбранил на 20.5.2015 година, на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област математика.

Во моментот е вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје, во областа математика. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1214 од 1.5.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 929 од 1.11.2007 година, Билтенот бр. 995 од 1.11.2010 година, Билтенот бр. 1039 од 1.10.2012 година, Билтенот бр. 1104 од 15.7.2015 година и Билтенот бр. 1214 од 1.5.2020 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Машински факултет - Скопје, кандидатот д-р Мирко Петрушевски изведува настава и вежби на прв циклус студии на сите студиски програми на Машинскиот факултет во Скопје. Во текот на изминатиот период, од неговиот избор за вонреден професор на Машинскиот факултет до сега, кандидатот д-р Мирко Петрушевски одржувал предавања и вежби по предметите Математика 1, Математика 2 и Инженерско програмирање.

Кандидатот се јавува како автор на седум и коавтор на единаесет научно-популарни статии во стручно-методски списанија.

Кандидатот е коавтор на рецензиран универзитетски учебник под наслов „Математика 2", Арс Ламина, Скопје, 2023.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Мирко Петрушевски има објавено вкупно 23 научни трудови од областа математика, од кои 19 научни трудови во научни списанија со импакт-фактор (фактор на

влијание) според базата на Web of Science, и 4 трудови во меѓународни научни списанија. Од последниот избор до денес, кандидатот е автор или коавтор на 11 научни трудови во меѓународни научни списанија, сите со импакт-фактор (фактор на влијание) според базата на Web of Science. Трудовите се наведени во Образец 1 (рубрика 3.1) и Образец 2 (редни броеви 1.1 до 1.11).

Д-р Мирко Петрушевски учествувал како член на два научно-истражувачки проекти финансирани од средствата на УКИМ и на два меѓународни научни проекти финансирани од националната агенција на истражувачи на Р. Словенија (ARRS); проектите од последниот избор до денот на пријавата се наведени во Образец 2 (редни броеви 2.1, 2.2 и 3.1).

Од последниот избор, д-р Мирко Петрушевски има одржано едно пленарно предавање на меѓународна конференција и 7 предавања на меѓународни научни собири; конференциите и насловите на предавањата на меѓународни научни собири се наведени во Образец 2 (редни броеви 4.1, 5.1 до 5.6, и 6.1).

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Мирко Петрушевски е активно вклучен во стручно-апликативната работа на Машинскиот факултет во Скопје.

Кандидатот д-р Мирко Петрушевски извршува експертски активности за MathSciNet®, за кои има дадено стручни ревизии за содржината на 4 трудови (јавно достапни на веб-страницата на организацијата); трудовите од последниот избор до сега се наведени во Образец 2 (редни броеви 2.1 и 2.2).

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Во рамките на Сојузот на математичари на Македонија, вклучен е во работата на неколку стручни комисии и работни групи во системот на натпревари по математика за основно и средно образование: имено, претседател е на комисијата за Македонска математичка олимпијада и меѓународни математички натпревари за ученици до 18 годишна возраст, член е на комисијата за Јуниорска македонска математичка олимпијада и меѓународни математички натпревари за ученици до 15,5 годишна возраст, уредник е во математичките списанија „Нумерус“ и „Сигма“, наменети за популаризација на математиката кај учениците од основно и средно образование. Тој е водач или заменик-водач на македонската репрезентација на Балканските и Меѓународните математички олимпијади.

Д-р Мирко Петрушевски од 2019 година е член на Управниот одбор на Сојузот на математичари на Македонија, и е македонски претставник во Математичкото Здружение на Југоисточна Европа (MASSEE). Од 2018 година до денес, кандидатот е Претседател на Друштвото на графовски теоретичари МСГТ – Скопје. Воедно, член е на организацискиот и програмски одбор на годишниот меѓународен научен собир „Македонска работилница по теорија на графови и применета математика“.

## Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Мирко Петрушевски доби позитивна оценка на анонимно спроведената анкета на студентите на Машинскиот факултет.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Мирко Петрушевски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Мирко Петрушевски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научните области 1.01.00.01 – математика и 1.02.00.02 – информациски науки.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Мирко Петрушевски да биде избран во звањето **редовен професор** во научните области 1.01.00.01 – математика и 1.02.00.02 – информациски науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Никола Тунески**

2. **Проф. д-р Емилија Целакоска**

3. **Проф. д-р Бојан Прангоски**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Мирко Бранислав Петрушевски
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Машински факултет - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** 1.01.00.01 математика и 1.02.00.02 информациски науки

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,76<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10<br>Просечниот успех изнесува 9,88 за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: теорија на графови, поле: математика, подрачје: природно-математички науки. | Да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>**1.** M. Petruševski, R. Škrekovski, *Odd decompositions and coverings of graphs*, European Journal of Combinatorics, Vol. 91, 103225 (2021). (Web of Science IF 0,91)<br>1. Назив на научното списание: European Journal of Combinatorics<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Назив на трудот: Odd decompositions and coverings of graphs<br>4. Датум на објава: 2021 | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | **2.** M. Petruševski, R. Škrekovski, *Coverability of graphs by parity regular subgraphs*, Mathematics, Vol. 9, 182 (2021). (Web of Science IF 2,592)<br>1. Назив на научното списание: Mathematics<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Назив на трудот: Coverability of graphs by parity regular subgraphs<br>4. Датум на објава: 2021<br><br>**3.** M. Petruševski, R. Škrekovski, *Some remarks on odd edge colorings of digraphs,* Mathematics, Vol. 9, 231 (2021). (Web of Science IF 2,592)<br>1. Назив на научното списание: Mathematics<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Назив на трудот: Some remarks on odd edge colorings of digraphs<br>4. Датум на објава: 2021<br><br>**4.** C. Hernández-Cruz, M. Petruševski, R. Škrekovski, *Notes on weak-odd edge colorings of digraphs*, Ars Math. Contemp., Vol. 22, #P2.05 (2022). (Web of Science IF 0,8)<br>1. Назив на научното списание: Ars Mathematica Contemporanea<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Назив на трудот: Notes on weak-odd edge colorings of digraphs<br>4. Датум на објава: 2022<br><br>**5.** M. Petruševski, R. Škrekovski, *Colorings with neighborhood parity condition*, Disc. Appl. Math., Vol. 321, 385-391 (2022). (Web of Science IF 1,1)<br>1. Назив на научното списание: Discrete Applied Mathematics<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Назив на трудот: Colorings with neighborhood parity condition<br>4. Датум на објава: 2022<br><br>**6.** Y. Caro, M. Petruševski, R. Škrekovski, *Remarks on odd colorings of graphs,* Disc. Appl. Math., Vol. 321, 392-401 (2022). (Web of Science IF 1,1)<br>1. Назив на научното списание: Discrete Applied Mathematics<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Science<br>3. Назив на трудот: Remarks on odd colorings of graphs<br>4. Датум на објава: 2022 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: ___________<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): ___________<br>3. Назив на трудот: ______________<br>4. Датум на објава: ______________ | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________<br>3. Назив на трудот: ______________<br>4. Датум на објава: ______________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на книгата: ___________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: ___________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ___________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: ___________<br>2. Назив на меѓународниот собир: ___________<br>3. Имиња на земјите: ___________<br>4. Назив на трудот: ___________<br>5. Датум на објава: ___________ | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Назив на преведеното капитално дело: ________<br>2. Датум на објава ______________<br>3. Издавач, место на издавање и година | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира<br>1. Назив на учебникот: Математика 2 | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Место и датум на објава: Арс Ламина, Скопје, 2023 (ISBN 978-9989-650-09-3, ISBN 978-608-267-869-6, COBISS.MK-ID 61709829); рецензија во Билтен бр. 1277 од 1.2.2023 | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 28.5.2020, Билтен бр. 1214 од 1.5.2020 | Да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Мирко Бранислав Петрушевски
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Машински факултет - Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** 1.01.00.01 математика и 1.02.00.02 информациски науки

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Одржување на предавања на прв циклус** | **19,8** |
| 1.1 | Инженерско програмирање, (една група, 2 часа) зимски 2020/2021 | 1,2 |
| 1.2 | Математика 1, (една група, 3 часа) зимски 2020/2021 | 1,8 |
| 1.3 | Математика 2, (една група, 3 часа) летен 2020/2021 | 1,8 |
| 1.4 | Инженерско програмирање, (една група, 2 часа) зимски 2021/2022 | 1,2 |
| 1.5 | Математика 1, (една група, 3 часа) зимски 2021/2022 | 1,8 |
| 1.6 | Математика 2, (една група, 3 часа) летен 2021/2022 | 1,8 |
| 1.7 | Инженерско програмирање, (една група, 2 часа) зимски 2022/2023 | 1,2 |
| 1.8 | Математика 1, (една група, 3 часа) зимски 2022/2023 | 1,8 |
| 1.9 | Математика 2, (една група, 3 часа) летен 2022/2023 | 1,8 |
| 1.10 | Математика 1, (една група, 3 часа) зимски 2023/2024 | 1,8 |
| 1.11 | Математика 2, (една група, 3 часа) летен 2023/2024 | 1,8 |
| 1.12 | Математика 1, (една група, 3 часа) зимски 2024/2025 | 1,8 |
| **2** | **Одржување на вежби на прв циклус** | **3,15** |
| 2.1 | Математика 1, (една група, 2 часа) зимски 2020/2021 | 0,9 |
| 2.2 | Математика 2, (една група, 2 часа) летен 2021/2022 | 0,9 |
| 2.3 | Математика 2, (една група, 3 часа) летен 2022/2023 | 1,35 |
| **3** | **Консултации со студенти** | **1,332** |
| 3.1 | зимски семестар 2020/2021 (120 студенти) | 0,24 |
| 3.2 | летен семестар 2020/2021 (12 студенти) | 0,024 |
| 3.3 | зимски семестар 2021/2022 (107 студенти) | 0,214 |
| 3.4 | летен семестар 2020/2021 (64 студенти) | 0,128 |
| 3.5 | зимски семестар 2022/2023 (93 студенти) | 0,186 |
| 3.6 | летен семестар 2022/2023 (47 студенти) | 0,094 |
| 3.7 | зимски семестар 2023/2024 (65 студенти) | 0,13 |
| 3.8 | летен семестар 2023/2024 (99 студенти) | 0,198 |
| 3.9 | зимски семестар 2024/2025 (59 студенти) | 0,118 |
| **4** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | **6** |
| 4.1 | Павел Димовски, Весна Андова, Мирко Петрушевски, Бојан Прангоски, *Математика 2*, Арс Ламина, Скопје, 2023. | 6 |
| **5** | **Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание** | **18** |
| 5.1 | М. Петрушевски, *За една теорема на Лука(с)*, Сигма 118 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | (2020/2021) | |
| 5.2 | М. Петрушевски, П. Филиповски, *За правата на Симсон*, Сигма 119 (2020/2021) | 1 |
| 5.3 | М. Петрушевски, П. Филиповски, *За придружувањето пол ↔ полара,* Сигма 120 (2020/2021) | 1 |
| 5.4 | М. Петрушевски, *Метод на празнење*, Сигма 122 (2021/2022) | 1 |
| 5.5 | Зоран Штерјов, М. Петрушевски, *Неравенства на Карамата*, Сигма 123 (2021/2022) | 1 |
| 5.6 | М. Петрушевски, *Комплементарни и инверзни низи*, Сигма 124 (2021/2022) | 1 |
| 5.7 | М. Петрушевски, П. Филиповски, *Харуки Лема*, Сигма 126 (2022/2023) | 1 |
| 5.8 | М. Петрушевски, П. Филиповски, *Изогонални парови прави и точки (I)*, Сигма 127 (2022/2023) | 1 |
| 5.9 | М. Петрушевски, П. Филиповски, *Изогонални парови прави и точки (II)*, Сигма 128 (2022/2023) | 1 |
| 5.10 | М. Петрушевски, П. Филиповски, *Теорема на Јакоби*, Сигма 129 (2022/2023) | 1 |
| 5.11 | М. Петрушевски, *Едно обопштување на теоремата на Дилворт*, Сигма 130 (2023/2024) | 1 |
| 5.12 | И. Јовчески, М. Петрушевски, П. Филиповски, *Хроматски број на граф*, Сигма 131 (2023/2024) | 1 |
| 5.13 | И. Јовчески, М. Петрушевски, П. Филиповски, *Избирливост на граф*, Сигма 132 (2023/2024) | 1 |
| 5.14 | М. Петрушевски, *Совршени графови*, Сигма 133 (2023/2024) | 1 |
| 5.15 | М. Петрушевски, Т. Ѓорѓиевски, *Број на елементи на конечно множество*, Нумерус 50-1 (2024/2025) | 1 |
| 5.16 | М. Петрушевски, Т. Ѓорѓиевски, *Принцип на Дирихле*, Нумерус 50-2 (2024/2025) | 1 |
| 5.17 | М. Петрушевски, *Теорема за совршени графови*, Сигма 134 (2024/2025) | 1 |
| 5.18 | М. Петрушевски, *Combinatorial Nullstellensatz*, Сигма 135 (2024/2025) | 1 |
| | **Вкупно** | **48,282** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Трудови со оргинални научни резултати објавени во научни списанија со импакт-фактор индексирани во базата Web of Science** | **86,1146** |

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | M. Petruševski, R. Škrekovski, *Odd decompositions and coverings of graphs*, European Journal of Combinatorics, Vol. 91, 103225 (2021). (Impact Factor 0,91) | 8,019 |
| 1.2 | M. Petruševski, R. Škrekovski, *Coverability of graphs by parity regular subgraphs*, Mathematics, Vol. 9, 182 (2021). (Impact Factor 2,592) | 9,5328 |
| 1.3 | M. Petruševski, R. Škrekovski, *Some remarks on odd edge colorings of digraphs,* Mathematics, Vol. 9, 231 (2021). (Impact Factor 2,592) | 9,5328 |
| 1.4 | C. Hernández-Cruz, M. Petruševski, R. Škrekovski, *Notes on weak-odd edge colorings of digraphs*, Ars Math. Contemp., Vol. 22, #P2.05 (2022). (Impact Factor 0,8) | 7,04 |
| 1.5 | M. Petruševski, R. Škrekovski, *Colorings with neighborhood parity condition*, Disc. Appl. Math., Vol. 321, 385-391 (2022). (Impact Factor 1,1) | 8,19 |
| 1.6 | Y. Caro, M. Petruševski, R. Škrekovski, *Remarks on odd colorings of graphs,* Disc. Appl. Math., Vol. 321, 392-401 (2022). (Impact Factor 1,1) | 7,28 |
| 1.7 | M. Knor, M. Petruševski, R. Škrekovski, *On chromatic vertex stability of 3-chromatic graphs with maximum degree 4*, Discrete Math. Lett. Vol. 10, 75-80, (2022). (Impact Factor 0,8) | 7,04 |
| 1.8 | Y. Caro, M. Petruševski, R. Škrekovski, *Remarks on proper conflict-free colorings of graphs*, Disc. Math. 346, 113221, (2023). (Impact Factor 0,7) | 6,96 |
| 1.9 | Y. Caro, M. Petruševski, R. Škrekovski, *Odd-sum colorings of graphs*, Australasian J. Combin. 85, 195-219 (2023). (Impact Factor 0,35) | 6,68 |
| 1.10 | M. Petruševski, R. Škrekovski, *Odd edge-colorings of subdivisions of odd graphs*, J. Graph Theory 104, 1-26, (2023). (Impact Factor 0,9) | 8,01 |
| 1.11 | M. Petruševski, R. Škrekovski, *Proper edge-colorings with a rich neighbor requirement*, Disc. Math. 347, 113803, (2024). (Impact Factor 0,7) | 7,83 |
| **2** | **Учество во меѓународни научни проекти** | **10** |
| 2.1 | Меѓународен научно-истражувачки проект ARRS J1-1692, финансиран од Агенција на истражувачи на Р. Словенија (ARRS), 2019-2022<br>Наслов на проектот: Colorings, decompositions and coverings of graphs<br>Носител: Факултет за математика и физика, Универзитет во Љубљана, Словенија<br>Раководител: Проф д-р Ристе Шкрековски | 5 |
| 2.2 | Меѓународен научно-истражувачки проект ARRS J1-3002, финансиран од Агенција на истражувачи на Р. Словенија (ARRS), 2021-2024<br>Наслов на проектот: Matchings and edge-colorings in cubic graphs<br>Носител: Факултет за математика и физика, Универзитет во Љубљана, Словенија<br>Раководител: Проф д-р Ристе Шкрековски | 5 |
| **3** | **Учество во научни проекти** | **3** |
| 3.1 | Научно-истражувачки проект финансиран од средствата на УКИМ за 2020/21 година | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Наслов на проектот: Параметарски дизајн за адитивно производство<br>Носител: Машински факултет – Скопје, Институт за индустриски дизајн<br>Раководител: Проф д-р Татјана Кандикјан | |
| **4** | **Одржано предавање по покана на странски универзитет** | **1** |
| 4.1 | Seminar for Discrete mathematics, Faculty of Mathematics and Physics, University of Ljubljana, Slovenia, 2020<br>наслов на предавањето: Coverability by parity regular subgraphs | 1 |
| **5** | **Предавања на научни собири со меѓународно учество** | **6** |
| 5.1 | 5th Macedonian Workshop on Graph Theory and Applied Mathematics, Ohrid, 2021<br>наслов на предавањето: Coverability of graphs by at least four parity regular subgraphs | 1 |
| 5.2 | Workshop of Applied Mathematics – Graph Coloring and Coverability of Graphs, VŠB – Technical University of Ostrava, Czech Republic, 2021<br>наслов на предавањето: Coverability of graphs by three parity regular subgraphs | 1 |
| 5.3 | China – Slovenian Symposium on Modern Graph Theory, FMF Ljubljana & Nankai University, 2021<br>наслов на предавањето: Coverability by three parity regular subgraphs | 1 |
| 5.4 | 6th Macedonian Workshop on Graph Theory and Applied Mathematics, Ohrid, 2022<br>наслов на предавањето: Coverability of graphs by two parity regular subgraphs | 1 |
| 5.5 | 7th Macedonian Workshop on Graph Theory and Applied Mathematics, Ohrid, 2023<br>наслов на предавањето: Proper edge-colorings with a rich neighbor condition | 1 |
| 5.6 | 8th Macedonian Workshop on Graph Theory and Applied Mathematics, Ohrid, 2024<br>наслов на предавањето: The odd coloring and its variations | 1 |
| **6** | **Пленарни предавања на научни собири со меѓународно учество** | **3** |
| 6.1 | 58th Czech and Slovak Conference on Graph Theory, Bardejovské Kúpele, Slovakia, 2023<br>наслов на предавањето: Coverability by parity regular subgraphs | 3 |
| | **Вкупно** | **109,1146** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Книга од стручна област - коавтор** | **14** |
| 1.1 | Група автори, *Натпревари по математика за учебната 2019/20 година*, Сојуз на математичари на Македонија, 2021 | 7 |
| 1.2 | Група автори, *25 години Јуниорска македонска математичка олимпијада*, Сојуз на математичари на Македонија, 2022 | 7 |
| **2** | **Експертски активности: стручна реевалуација (стручна ревизија на содржина) на трудови за MathSciNet® (јавно достапни на веб страната на организацијата)** | **2** |
| 2.1 | M. Milich, T. Mütze, M. Pergel, *On flips in planar matchings*, Discrete Applied Mathematics Vol. 289, 427-445, (2021) | 1 |
| 2.2 | B. Lužar, M. Maceková, S. Rindrošová, R. Soták, K. Skroková, K. Štorgel, *Locally irregular edge-coloring of subcubic graphs*, Discrete Applied Mathematics Vol. 339, 136-148, (2023) | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **1** | **Член на Управен одбор на здружение поврзано со струката** | **0,3** |
| 1.1 | Член на Управниот одбор на Сојуз на математичари на Македонија, 2019-2024 | 0,3 |
| **2** | **Претседател на здружение поврзано со струката** | **2** |
| 2.1 | Претседател на Друштво на графовски теоретичари МСГТ – Скопје, 2018-2024 | 2 |
| **3** | **Член на уредувачки одбор на стручно списание** | **4** |
| 3.1 | Уредник во „Сигма", популарно математичко списание за ученици во средно образование, 2020-2024 | 2 |
| 3.2 | Уредник во „Нумерус", популарно математичко списание за ученици во основно образование, 2020-2021 и 2024 | 2 |
| **4** | **Член на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | **4** |
| 4.1 | Член на организациски и програмски одбор на „5та Македонска работилница по теорија на графови и применета математика" (Охрид, 2021) | 1 |
| 4.2 | Член на организациски и програмски одбор на „6та Македонска работилница по теорија на графови и применета математика" (Охрид, 2022) | 1 |
| 4.3 | Член на организациски и програмски одбор на „7ма Македонска работилница по теорија на графови и применета математика" (Охрид, 2023) | 1 |
| 4.4 | Член на организациски и програмски одбор на „8ма Македонска работилница по теорија на графови и применета математика" (Охрид, 2024) | 1 |
| **5** | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научно-истражувачка дејност** | **2** |
| 5.1 | Член на MASSEE Executive Committee, 2021-2023 | 2 |
| | **Вкупно** | **28,3** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **48,282** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **109,1146** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **28,3** |
| **Вкупно** | **185,6966** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Никола Тунески**

2. **Проф. д-р Емилија Целакоска**

3. **Проф. д-р Бојан Прангоски**